Јануари 2011 Бр.111

# FOREVER MACEDONIA









# Започнете ја новата година со нова тежина и самодоверба

Во новогодишната ноќ во еуфорија си ветуваме многу нешта: ќе се откажам од цигарите, ќе бидам подобра мајка/ сопруга/ќерка, редовно ќе спортувам и др. Дали знаете дека едно од нештата кои луѓето најчесто си ветуваат дека ќе го направат во новата година е дека ќе ослабат. Токму затоа времето по Новогодишните и Божиќните празници е идеално да ги претставите програмите за прочистување и слабеење **Clean 9** и **Nutri-Lean**, за да му дадете импулс на вашиот бизнис. Еве неколку совети кои се надевам ќе ви помогнат и на вас, вашите клиенти и соработници:



### 1. Потребна е упорност

За да успеете со програмите **Clean 9** и **Nutri-Lean** потребно е цврсто да одлучите дека ќе успеете и да бидете упорни. Програмата е ефикасна, дава трајни резултати и е безопасна за вашето здравје, но потребна е цврста волја бидејќи почетокот не е лесен. Затоа треба да бидете сигурни дека сакате да успеете и токму сега е погодниот момент. Најверојатно помеѓу вашите клиенти има и такви кои имаат лошо искуство со диетите - спроведувале режими на исхрана од кои не намалиле ништо или многу малку, а по завршување на диетата, тежината се вратила. Можеби и вие самите сте имале ваков случај. Затоа е важно вие и вашите клиенти да се придржувате на здравиот начин на живот кои се применети во **Clean 9** и **Nutri-Lean** и кои ќе ви помогнат да ја намалите, одржите и успешно ја контролирате тежината. Спроведувајте ги програмите точно како што се пропишани и нема да бидете разочарани.

### 2. Одберете погоден ден за почеток

Оние што ги примениле **Clean 9** и **Nutri-Lean** се едногласни дека првите два дена се најтешки. Ете зошто е добро да ја започнете програмата така да се совпадне со викендот. Повеќе одмор и прошетки на чист воздух најдобро ќе ве одвлечат од мислите за храна.

### 3. Редовно пополнувајте го дневникот

Тој ќе ве потсети какви цели сте си поставиле и ќе ве информира какви резултати сте постигнале. Не пропуштајте освен тежината, редовно да ги запишувате мерките-во многу случаи тие говорат поубаво за тоа дека телото ви се менува.




### 4. Однапред испланирајте си го денот

Еластичноста на програмите **Clean 9** и **Nutri-Lean** ви дава можност да ги применувате тогаш кога на вас најмногу ви одговара. Можете да ги земате шејковите наутро и по оброк, или наутро и навечер, или пак по ручек и навечер, доколку сте навикнале на обилен појадок. Третата дополнителна храна од 600 калории може да ја разделите на една од 400 калории и една ужинка од 200 калории. Тука исто имате можност за избор. Ако не сте добро запознаени со калоричноста на производите, придржувајте се на таблиците од прирачникот кој е составен дел од програмите. И сепак имајте во предвид дека подобро е да ги внесете 600-те калории дневно преку риба и салата, отколку преку порции пржени компири со кечап и мајонез.

### 5. Движете се

Секојдневното движење е од суштинско значење како за успехот на програмата, така и за градење здрав стил на живот. Не го повторувајте ова на своите клиенти, туку покажете им со личен пример и заедно планирајте ги секојдневните тренинзи.

### 6. Взаемно помагајте си

Вашите клиенти треба да знаат дека секогаш ќе им помагате и ќе ги поддржите. За нив не треба да сте само дистрибутер на ФЛП кој им ги препорачал програмите **Clean 9** и **Nutri-Lean**, туку и пријател и наставник. Кога килограмите и сантиметрите почнуваат да се намалуваат, вашите клиенти сé повеќе ќе се мотивираат. Намалувањето на тежината е нешто што секогаш го привлекува вниманието и нема подобра реклама од живиот пример.

Тања Стаева



Претседател и главен генерален директор на ФЛП
**Рекс Моган**

## Надеж

И така започна уште една година. На почетокот сме на 2011-та и сите нејзини страници се чисто бели. Настапувањето на новата година може да побуди во нас желба за живот, чувство на надеж за неизвесната иднина, спомени за убавите времиња и очекувања за тоа што ни претстои. И токму тоа најмногу ми се допаѓа во смената на една година со друга- комплетно слободен сум да правам што сакам. Без оглед што се случило во изминатата, изминатите две или 10 години, имам можност во претстојната да направам сé кон што се стреми умот и срцето.

Мислам дека единствениот фактор кој нé движи сите нас, без оглед на околностите, е надежта. Многу големи луѓе зборувале за надежта. Ќе цитирам само неколку:

*"Сé што е направено во светот, е направено со надеж."- Мартин Лутер*

*"Не треба да дозволиме стравот да нé спречи да се надеваме".-Џон Ф.Кенеди*

*"Оптимизмот е вербата која води до успех. Ништо не може да биде направено без надеж или самодоверба."- Хелен Келер*

*"Надежта вака работи: таа го бара доброто во луѓето наместо да се фокусира на најлошото; открива што може да се направи, наместо да се жали за тоа што не може; гледа на проблемите, големи или мали, како на можности; продолжува напред кога е полесно да се откажеш; "ја пали свеќата" наместо да "ја проколнува темнината."- Анонимен*

Да додадам и некои свои размислувања. Животот е мешавина од добри и лоши периоди, од среќни и тажни моменти. Следниот пат кога ќе дојде лош период или тажен момент, во кој ви доаѓа да се откажете од сé, наведнете се, но не се откажувајте. Обидете сé да не бидете победени од ситуацијата.

Треба да имате надеж дека со доволно напорна работа и постојаност, може да се справите со сé, без оглед на тешкотиите што животот ги носи. Со надежта за подобро утре или за подобра ситуација, нештата можеби не се толку лоши како што изгледаат. Запомнете дека без разлика на тешкотиите со кои се соочувате, ќе биде полесно да се справите со нив ако крајниот резултат тоа го заслужува.

Ова е толку вистинито во нашиот бизнис. Сите се соочуваме со предизвици, неуспеси и разочарувања. Но тоа што може вистински да нé одвои, да ни помогне внатрешно да израснеме и да ги стимулираме другите исто да израснат, е способноста да продолжиме да се надеваме дека ќе дојдат подобри времиња. Треба да веруваме дека целите ни се достижни и нивното исполнување во основа ќе ги промени како нашиот, така и животот на луѓето крај нас-семејството, тимот и колегите дистрибутери.

Да ја започнеме годината полни со надеж. Јас така ќе направам. Убеден сум дека 2011-та ќе биде најдобрата во историјата на Форевер. Зошто? Бидејќи го обиколувам светот, се запознавам со илјадници од вас и знам дека вие сте најдобрата група од дистрибутери на планетата. Вие сте комплетно посветени и ангажирани да го промените својот и животот на многу други. Затоа да ги пополниме белите страници на 2011 г. со одлични искуства и успеси кои ќе ги помниме во годините што следат!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan



## Драги пријатели,

Среќна Нова 2011 година на сите дистрибутери, клиенти и пријатели на Форевер Ливинг во Македонија и Бугарија! Ви посакуваме да бидете здрави и среќни! Сакаме исто така да ви посакаме нешто што научивме од американскиот економски новинар Карл Пилсл: *"Бидете спремни да размислувате за нешта за кои никогаш не сте размислувале. Бидејќи само ако сте спремни, ќе може да очекувате еден ден и да ги правите нештата кои никогаш досега не сте ги правеле. И само ако сте спремни да ги правите нештата, кои никогаш досега не сте ги правеле, ќе можете и да ги доживеете нештата кои никогаш досега не сте ги доживеале."*

Чудата сами по себе се случуваат само во приказните и филмовите. Во реалниот живот тие се резултат на мислите, дејствијата и доживувањата на луѓе како сите нас. Посакајте ги, направете сé што е неопходно за тие да се случат и сигурно ќе ги доживеете еден ден.

Што нé тера да сме толку сигурни? Тоа сте вие, неверојатните пријатели и дистрибутери на Форевер. За време на декемвриските Денови на успехот во Македонија и Бугарија забележав дека се чувствува нешто поразлично во атмосферата, расположението и ставот околу сите вас. Таков ентузијазам не сме почувствувале подолго време и тоа може да нé увери дека сите сме на вистинскиот пат. Новиот Менаџер од Македонија-Вера Златковска и нејзината екипа, младата генерација олицетворена преку Дејан Брсакоски и Мери Џајковска и сите околу нив, како и нивните колеги од Бугарија -Ирена Спасова, Елка Георгиева, Златка и Златко Горанови, Цветанка и Емил Бурнаски, Лидија Трајкова-Караделиева, Петја Јонкова и Антонија Кожухарова направија така да овие Денови на успехот останат незаборавни за сите нас и ни дадат уште поваќе верба во сé што заедно правиме. На нив и на сите останати прекрасни луѓе од ФЛП Бугарија и Македонија - од срце ви благодарам!

На почетокот сме на една година која ќе помине во знакот на 10-годишнината од отворањето на канцеларијата на Форевер во Бугарија. Но, до јубилејот имаме 9 месеци во кои можеме да го подготвиме нашиот заеднички подарок за тоа што ни го дава оваа неверојатна можност да бидеме здрави и финансиски независни. Ние знаеме што најмногу би го израдувало Рекс и тоа се нашите уште поголеми успеси и многу нови соработници и потрошувачи на квалитетните производи од алое вера. Нека на почетокот на оваа нова година секој од нас е спремен да си помисли најнапред како во следните неколку месеци ќе го удвои бизнисот во својата група. Да, правилно разбравте-да го удвои. Зошто, само кога сме спремни да го помислиме тоа, ќе бидеме спремни и да ги направиме нештата кои досега не сме ги правеле, за тоа да се случи. И само кога ќе ги направиме, тоа навистина ќе се случи!

А ние ќе направиме сé што можеме за да ве поддржиме на тешкиот, но исклучително пријатен пат кон остварување на вашите мечти со Форевер!

Со љубов,
Стефан и Тања Стаеви
и целата екипа на ФЛП
во Македонија и Бугарија

# SUCCESS DAY 11.12.2010



Прославивме крај на уште една успешна година. Домаќин на настанот беше извонредниот Сашко Коцев. Ги проследивме презентациите на Дејан Брсакоски, Мери Џајковска, Елена Блажевска и нашиот Country Manager-Стефан Стаев. Добитници на Новогодишната лотарија се:
Трајковска Гордана- грил тостер, Донакова Славица-дигитална вага, Гелевски Горан-депилатор, Манева Снежана-преса за коса, Андреевска Јасна- миксер, Димовска Стевица-бокал за вода, Наумчевски Радислав- фен, Ташевска Јадранка-машинка за бричење, Маљановски Симо -ДВД, Малинова Зорка-принтер, Дрзманоски Кирил-кафемат, Андонова Љубица-муз.систем, Јовановска Маја-микробранова, Распашковска Валентина-фотоапарат и **Јовевска Марика- LCD TV 32”.** Им честитаме а на сите останати дистрибутери повеќе среќа идниот пат!


























































# Успех со најблиските пријатели

Времето не можеме да го сопреме, тоа е стара вистина. Но стануваме свесни за него кога годините почнуваат да ја зголемуваат низата. И тогаш имаме две можности: да се повлечеме во стравот од времето што минува, или да ги искористиме советите на старите мудреци. Тие велат дека е убаво да се живее сегашноста, моментот, а уште поубаво е кога таа ќе се зачини со работа која е добра за здравјето на сите нас.

Кога на сето тоа ќе се додаде и личното задоволство и успех, секоја наредна година станува сé поубава.

Токму тоа го доживеав во моето зрело, или како што ние жените сакаме да кажеме, најубаво доба во животот.

Сега успехот ме води уште понапред, а неговата височина ја чувствувам со задоволството на секој клиент со кој работиме сите ние во ФЛП.

Јас немаше да успеам да се квалификувам на ниво Менаџер, да не беше соработката со мојот спонзор Славица Донакова и со сите други мои соработници кои се дел од мојот успех. Нашиот заеднички труд нé донесе таму каде сме сега и само тој може да нé одржи. Прекрасно е чувството кога знаеш дека тоа си го постигнал во години во кои ретко кој верува дека може да се достигне ниво Менаџер за само две и пол години активна работа.

Секој може да го доживее мојот успех. Со Форевер доволна е само искрена желба за да започнете да ги остварувате своите соништа. А тие не чинат многу. Сé што вложувате е малку од вашето слободно време и искрена желба, а за возврат добивате среќни, задоволни и здрави лица и секако лична сатисфакција.

Искреноста, професионалноста и хуманоста на нашите луѓе кои ви стојат на располагање е вистинскиот гарант да тргнете по патот на успехот и со работа од срце брзо да го постигнете тоа што го посакувате.

Уште и кога сето тоа ќе го зачините со чувството дека работејќи со производите на ФЛП сте им помогнале на многумина, задоволството е комплетно. Форевер Ливинг работи за нас.

Вера Златковска-Менаџер

# Мојот успех во ФЛП

Сакате да постигнете нешто во Вашиот живот на оваа наша стара и добра Земја? Дојдете во ФЛП и сте го направиле првиот чекор кон Вашето подобро утре. Зарем е така лесно ? Би се прашал секој, зарем не? Животот е еден и само еден. Затоа направете нешто добро за себе, но не само за себе,кога ќе направите нешто добро за себе,секој ќе Ве праша: "Еј како тоа , зарем може да има нешто такво?" а Вие само поканете го во среда или четврток ,кога ке може да најде малку слободно време,донесете го на првото скалило и секој сам ке почне да чекори кон своето подобро утре.

Јас започнав од љубопитност затоа што сум таква природа, а сега го чекорам можеби најдолгиот но и најсигурен пат што животот го поставил за мене. На тој пат го понесов моето семејство како на пат кон посветла иднина - и не згрешив. Да живееш можеш вака и онака, но да си го направиме поубав животот тоа можеме сите ние - за тоа е тука ФЛП.




Следете ме, бидете љубопитни... ќе бидете успешни, Вашиот АНГЕЛ чувар го чека првиот чекор... придружете ни се,Ве очекуваме.

Трајковска Гордана- Асистент Менаџер



# Производи за јануари

Студените температуре носат свои предизвици. За разлика од летото кога сме зафатени со многу активности надвор од дома, во зима повеќе сакаме да сме со семејството и пријателите во топлиот дом. Следува предлогот на производи за поддршка на вашиот имунитет во месец јануари.

**Aloe Vera Gel:** Чудотворниот лист од алое содржи повеќе од 200 компоненти, вклучително 20 минерали, 18 аминокиселини и 12 витамини. Алое гелот кој е производ на нашиот патентиран процес на стабилизација, е фаворизиран од сите кои сакаат да одржат здрав дигестивен систем и природно ниво на енергија.

Овој богат коктел од пулпа и течност е идентичен со свежиот гел од растението и прв го доби сертификатот од Меѓународниот научен совет за алое. Пијте го секојдневно, било сам, или во комбинација со чист овошен сок, бидејќи е еден од најдобрите здрави пијалоци! (код:15)

**Forever Absorbent-C:** Студија од Националниот институт за здравје препорачува 200 мг дневно витамин С. Исто така се препорачува конзумирање храна богата со витамин С. Бидејќи витаминот С е растворлив во вода и не се создава во организмот, мора да се внесува овој моќен антиоксидант. Докажана е драстично зголемена употреба на витаминот С за време на стресни ситуации. Зајакнете го вашиот имунитет со Absorbent -C (код:48).

**Forever Bee Propolis:** Дозволете Forever Bee Propolis (код:27) да му даде дополнителна поддршка на природниот одбранбен механизам на вашето тело. Прополисот има природни супстанци кои помагаат во растеретување на вашиот имунитет. Прополисот на Форевер се собира од незагадени подрачја за да се обезбеди неговата чистота.

**Forever Echinacea Supreme:** Forever Echinacea Supreme (код:214) исто така помага во зајакнување на вашиот имунитет и овозможува да бидете здрави. Синергичната комбинација од ехинацеа, хидрастис и екстракт од семки од грозје ја прават Forever Echinacea Supreme супериорна во својата способност да ја зајакне одбраната на организмот. Осигурајте се дека го имате овој производ на дофат за да го поддржите здравјето на вашето семејство во текот на зимските месеци.

Здравата исхрана, пешачењето, како и овие производи на ФЛП ќе ви помогнат во одржување на добро здравје во текот на зимата.












FOREVER

## РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во канцелариите на ФЛП

- **Секој понеделник: Мери Џајковска-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**
- **Секој вторник: Дејан Брсакоски-Менаџер**
  **Почеток: 17:00 часот**
- **Секоја среда: Вера Златковска-Менаџер**
  **Почеток: 17:30 часот**
- **Секој четврток: Катерина Трајчевска-Менаџер**
  **Почеток:17:00 часот**
  **Славица Донакова-Менаџер**
  **Почеток:18:00 часот**
- **Секој петок: Симо Маљановски-Супервизор**
  **Почеток: 18:00 часот**

## Алое Ден-Скопје

**28.01.2011- петок**
**Почеток: 18:30**
**Хотел Порта (се наоѓа спроти дисконтот на ФЛП)**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

**Како да порачате:**

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@t-home.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

## Квалификации за декември 2010

### ТОП 10 - НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Катерина Трајчевска
2. Вера Златковска
3. Др.Снежана Контра
4. Зорка Малинова
5. Др.Роза Гелевска
6. Слафко Михајловски
7. Александар Апел
8. Славица Донакова
9. Гордана Трајковска
10. Веле Савески

### ТОП 10 - Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Блага Крстеска
4. Катерина Трајчевска
5. Вера Златковска
6. Славица Донакова
7. Др.Снежана Контра
8. Зорка Малинова
9. Др.Роза Гелевска
10. Александар Апел


**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**
ул. Владимир Комаров 6б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## Квалификации за декември

### Асистент Супервизори

1. Картелови Александра и Ѓорѓи – Богданци
2. Кочевска Марија – Скопје
3. Лангурова Гирова Невенка – Штип
4. Миланов Игор – Скопје
5. Митеви Дивна и Кире – Кочани
6. Цветковска Ана – Скопје
7. Цветковски Дијана и Игор – Скопје

## ТОП 10-2010

### Вкупен обем

1. **Кирил Дрзманоски**
2. **Слафко Михајловски**
3. **Катерина Трајчевска**
4. **Блага Крстеска**
5. **Славица Донакова**
6. **Вера Златковска**
7. **Зорка Малинова**
8. **Др.Снежана Контра**
9. **Др.Роза Гелевска**
10. **Дејан Брсакоски**

## Маркетинг обука

**15.02.2011- вторник**
**Почеток: 18:00**
**Хотел Порта**
**Предавач: Стефан Стаев- Country Manager**

## ПРОМОЦИЈА!!!

**Во месец Јануари секој дистрибутер кој ќе има порачки (една или повеќе) во вкупна вредност од најмалку**

**1 бод на личен код ќе добие гратис Алое Вера Гел-1 парче.**

